ГИМНАЗИЈА
Јосип Броз Тито

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Средно училиште на град Скопје
Гимназија ЈОСИП БРОЗ ТИТО
Бр. 03-619/2
22 08 2025 год.
СКОПЈЕ

# ИЗВЕШТАЈ ОД СПРОВЕДЕНА САМОЕВАЛУАЦИЈА
# ЗА СОПСТВЕНАТА РАБОТА И ПОСТИГНУВАЊАТА НА УЧИЛИШТЕТО

Врз основа на Правилникот за начинот и подрачјата за вршење на самоевалуацијата на средните училишта, комисијата за изготвување самоевалуација на работата на СУГС Гимназија „Јосип Броз Тито“ Скопје за периодот од првото полугодие на 2023 (2024), до крајот на второто полугодие на 2024/2025 г. изврши самоевалуација за работата на училиштето.

Во рамки на работните активности, тимовите реализираа состаноци и разговори со вработените, извршија увид во релевантната документација и спроведоа анкети со учениците, наставниците, родителите и други засегнати страни. На овој начин се обезбеди сеопфатен увид во состојбата, работата и постигнувањата на училиштето.

Процесот на самоевалуација се темелеше на добиените резултати и показатели од Интегралната евалуација реализирана од страна на Државниот просветен инспекторат, како и врз основа на Развојниот план на училиштето. Резултатите овозможија идентификација на клучните предизвици и дефинирање на насоки за понатамошно унапредување на воспитно-образовниот процес.

Преку системски анализи и осврти на сите области од работењето на училиштето се остварува целта на процесот на самоевалуација преку кој ќе се добие реална и објективна слика за постигнатиот квалитет, степенот на напредок и развојот на институцијата, како и за резултатите на учениците и вработените. Примаран цел во рамките на овој процес е да се идентификуваат и силните и слабите страни, за кои се предлагаат соодветни мерки за нивно надминување и подобрување.

Со цел континуирано унапредување на воспитно-образовниот процес и целосно функционирање, ваквиот пристап овозможува училиштето да формулира стратегии засновани на проверливи показатели.

Воочените слабости претставуваат мотивирачки фактор за сите директни и индиректни учесници во воспитно-образовниот процес за истите да ги вложат сопствените капацитети и да ги искористат постојните ресурси за унапредување на условите и стандардите во училиштето. На тој начин се обезбедува целосна и квалитетна реализација на воспитно-образовниот процес заснована на активна вклученост и одговорност.

Овој пристап, исто така, ја поттикнува свесноста за заедничка одговорност во подобрувањето на училишната средина и создава основа за колективна акција. Преку процесот на самоевалуација се издвојуваат приоритетните области за делување, насочени кон модернизација и подобрување на наставните и воннаставните активности, со цел да се обезбеди континуитет во развојот и создавање средина која одговара на современите воспитно-образовни потреби.

Заедничката цел на сите субјекти во училиштето е слабите страни постепено да се редуцираат или целосно да се надминат, додека силните страни да се одржуваат, унапредуваат и истакнуваат. На тој начин се создава основа за стабилен и одржлив развој на целокупниот воспитно-образовен процес.

Преку детална анализа и работа во рамките на седумте подрачја што ја опфаќаат самоевалуацијата на училиштето, се добиваат релевантни податоци за актуелната состојба и начинот на функционирање на институцијата. Овие информации претставуваат основа за носење на информирани одлуки и планирање идни активности за унапредување на воспитно-образовниот процес.

**Подрачја**

1. Наставни планови и програми
2. Постигнување на учениците
3. Учење и настава
4. Поддршка на учениците
5. Училишна клима и односи во училиштето
6. Ресурси
7. Управување, раководење и креирање политики

# 1. Подрачје: Наставни планови и програми

Индикатори:

- Реализација на наставните планови и програми
- Квалитет на наставните планови и програми
- Воннаставни активности

Врз основа на анализата на подрачјето „Наставни планови и програми", се идентификувани повеќе аспекти кои придонесуваат за квалитетна реализација на наставниот процес, како и одредени предизвици кои бараат дополнителна интервенција. Во продолжение се прикажани јаките и слабите страни за кавалитетот на наставните програми.

**Јаки страни**

Наставните планови и програми се во целосна согласност со програмските документи на МОН и БРО, и се квалитетно изготвени во пропишаниот обем, согласно календарот за работа.

На почетокот на учебната година, професорите ги информираат учениците за содржините и временската рамка за реализација на наставните програми, што придонесува за транспарентност и планираност.

Училиштето нуди повеќе од три изборни предмети, а учениците самостојно ги избираат, во консултација со родителите/старателите, што ја поттикнува автономијата и одговорноста.

Постои план на активности за реализација на еколошки теми и проекти, при што еколошките содржини се интегрирани во тематските планови, согласно националните насоки.

Училиштето демонстрира солидни примери за вградување на меѓупредметни теми со слична содржина и цел, што поттикнува соработка меѓу наставниците и развој на вештини кај учениците: самодоверба, одговорност, почитување на различноста и сл.

Воннаставните активности, како задолжителен дел од воспитно-образовниот процес, се редовно реализираат и придонесуваат за примена на теоријата во пракса, ангажираност, социјален и професионален развој на учениците.

Преку овие активности се негува толеранција и хумани меѓучовечки односи, без оглед на пол, етничка припадност или социо-економски статус.

Учениците се активно поттикнати да учествуваат во манифестации во и надвор од училиштето, а често и самите иницираат активности.

Учеството во натпревари на локално, национално и меѓународно ниво значително придонесува за афирмација на училиштето, што се потврдува преку зголемениот интерес на учениците за упис.

**Слаби страни**

И покрај достапноста на часови за дополнителна и додатна настава, интересот кај учениците е низок. Потребно е да се работи на мотивација преку нагласување на придобивките (подобрување на оценки, поуспешно совладување на материјалот, дополнителни знаења), како и на вклучување на родителите во процесот на охрабрување.

Иако постои иницијатива за изедначување на критериумите, очекуваното ниво не е постигнато. Особено кај природните науки, потребна е дополнителна работа на стручните активи за усогласување на критериумите по теми и наставни содржини, во согласност со општите стандарди.

Проектните активности, како задолжителен дел од наставниот процес, не се секогаш навремено планирани и реализирани според предвидената временска рамка. Потребна е подобра организација и следење на рокови.

Дел од професорите изработуваат годишни планови на ниво на активи, но недостасува унифициран пристап. Се препорачува задолжително годишно планирање и структурирање на активностите преку училишни секции, со цел вклучување на сите ученици.

Учениците и родителите не се доволно информирани за можностите за учество и иницирање активности. Потребно е да се засили комуникацијата преку заедницата на учениците, активи и Советот на родители, со цел поголема вклученост и соработка.

## 2. Подрачје: Постигања на учениците

Индикатори:

- Постигнувања на учениците
- Задржување / осипување на учениците
- Повторување на учениците

Анализата на постигањата на учениците се темели на систематско следење на нивниот успех, степенот на задржување во училиштето и појавата на повторување на учебната година. Преку структуриран пристап се идентификувани клучни јакости и предизвици, кои служат како основа за планирање на мерки за подобрување и стратешко насочување на наставниот процес.

**Јаки страни**

Се спроведува систематско следење, споредување и анализа на ученичкиот успех по квартални периоди (полугодие и крај на година), со споредбени податоци за задржување и осипување.

Учениците во најголем дел ја завршуваат учебната година со различен степен на успех, но без повторување.

При оценување се почитуваат стандардите на БРО и критериумите на ниво на актив, особено кај одредени предметни групи.

Забележано е активно и масовно учество на ученици на натпревари, со постигнување високи резултати.

Учениците добиваат поддршка преку дополнителна и додатна настава.

Постојат кооперативни односи меѓу наставниците и педагошката служба; од минатата година е ангажиран и училишен психолог.

Наставниот кадар е високообразован, стручен и обучен, што придонесува за квалитетна реализација на наставниот процес.

Училиштето има можност за соработка со други училишта преку Erasmus+ и други проекти.

Се реализираат квалитетни обуки за наставниот кадар, во согласност со современите образовни трендови.

Релативно висок среден успех е забележан во сите четири години.

Не е евидентиран процес на осипување; напротив, постои наплив на ученици од други училишта.

**Слаби страни**

Недоволна примена на ИКТ во наставниот процес, и покрај достапноста на опрема и услови.

Имплементацијата на современи наставни методи е недоследна кај дел од наставниците, и покрај претходни обуки.

Идентификуваните јакости и предизвици во подрачјето на ученичките постигања претставуваат основа за понатамошно стратешко планирање, со цел унапредување на квалитетот на наставата и поддршката за учениците.

## 3. Подрачје: Учење и настава

Индикатори:

- Планирања на наставниците
- Наставен процес
- Искуства на учениците од учењето
- Задоволување на потребите на учениците
- Оценувањето како дел од наставата
- Известување за напредокот на учениците

Врз основа на анализата на подрачјето „Учење и настава", се идентификувани повеќе аспекти кои придонесуваат за ефективна реализација на наставниот процес, како и одредени предизвици кои бараат дополнителна интервенција и стратешко насочување. Во продолжение се прикажани јаките и слабите страни, забележани во тек на наставниот процес.

**Јаки страни**

Наставата се реализира во согласност со годишните наставни планови и програми, со почитување на предвидените цели и исходи.

Редовно се организира и реализира додатна и дополнителна настава, проектни активности и воннаставни активности.

Се спроведува индивидуално следење на развојот на секој ученик, со цел навремено идентификување на потребите и насочување на поддршката.

Наставниот кадар континуирано се надградува преку разни сертифицирани работилници, конференции, семинари, обуки.

Во наставниот процес е интегрирано користењето на компјутерска технологија (ИКТ), особено во предмети каде тоа е применливо.

**Слаби страни**

Наставните програми се обемни, а дел од нив и застарени, што доведува до преоптовареност кај учениците. Како резултат, дел од учениците имаат потешкотии во совладување на материјалот и навремено извршување на обврските, што влијае врз постигнувањето на планираните цели.

Во стручната служба во училиштето има психолог и педагог. Поради големиот број паралелки (51), ученици и родители/старатели, постои потреба од проширување на стручната служба со дополнителни профили – дефектолог и социолог.

- Во подрачјето „Учење и настава“, наставниот процес се реализира согласно годишните планови и програми, со редовна имплементација на дополнителна и додатна настава, проектни активности и индивидуално следење на учениците. Наставниот кадар континуирано се надградува преку сертифицирани обуки, а ИКТ технологијата е дел од наставната реализација.
- Како предизвик се јавува обемноста и застареноста на дел од наставните програми, што доведува до преоптовареност кај учениците. Дополнително, ограничениот капацитет на стручната служба не дозволува целосна поддршка за сите ученици и родители.
- Мерките за подобрување вклучуваат ревизија и адаптација на наставните содржини, проширување на стручната служба, воведување на диференцирана и инклузивна настава, како и подобрување на системот за известување за ученичкиот напредок.

## 4. Подрачје: Поддршка на учениците

Индикатори:

- Севкупна грижа за учениците
- Здравје
- Советодавна помош за понатамошно образование на учениците
- Следење на напредокот

Врз основа на анализата на подрачјето „Поддршка на учениците", се идентификувани повеќе аспекти кои придонесуваат за создавање безбедна, поддржувачка и инклузивна училишна средина, како и одредени предизвици кои бараат дополнителна интервенција и координирана грижа. Во продолжение се прикажани јаките и слабите страни, во ова подрачје.

**Јаки страни:**

Училиштето располага со инфраструктура која ги задоволува највисоките стандарди за безбедно и пријатно изведување на воспитно-образовниот процес. Согласно стандардите сите потребни услови за да обезбеди, безбедни и пријатни услови за изведување на воспитно-образовниот процес,

Извршени се значајни подобрувања во инфраструктурата – инвентар, мебел, осветлување, подови, кров, прозорци, електрични инсталации, пристапна рампа, тоалети за ученици со попреченост, и двор – што овозможува заштита од повреди и безбедна средина за учениците и вработените.

Хигиената во училиштето е одржувана на високо ниво, со редовна грижа за чистотата на просториите, санитарните јазли и училишниот двор.

Училиштето располага со соодветни и квалитетни наставно-образовни помагала, кои се достапни во доволен обем за реализација на наставата.

Се изготвуваат редовни извештаи со анализа на ученичкиот успех по предмети и паралелки, кои служат како основа за планирање на дополнителна поддршка.

Училиштето воспоставува соработка со локалната заедница преку заеднички активности, проекти и поддршка за учениците од ранливи категории.

Кариерниот центар обезбедува континуирана поддршка за учениците преку советување, информирање и активности насочени кон планирање на понатамошното образование и професионален развој.

**Слаби страни:**

Училиштето нема можност да врши контрола врз квалитетот на храната што се нуди во околните продавници, иако таа директно влијае врз здравјето на учениците

Локалната заедница и релевантните институции не се доволно вклучени во обезбедување поддршка за ранливите категории ученици во и надвор од училиштето.

## 5. Подрачје: Училишна клима и односи во училиштето

Индикатори:

- Училишна клима и односи во училиштето
- Промовирање на постигањата
- Еднаквост и правичност
- Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

Врз основа на анализата на подрачјето „Училишна клима и односи во училиштето", се идентификувани повеќе аспекти кои придонесуваат за создавање позитивна, инклузивна и поддржувачка средина, како и одредени предизвици кои бараат дополнителна интервенција за унапредување на меѓучовечките односи и партнерската соработка. Во продолжение се прикажани јаките и слабите страни во делот на училишна клима и односи со училиштето.

**Јаки страни:**

Училиштето активно ја реализира својата мисија и визија, согласно развојниот план кој ги дефинира стратешките цели и приоритети.

Училиштето има воспоставен кодекс на однесување и куќен ред кој важи за сите учесници во воспитно-образовниот процес – ученици, наставници, стручна служба и родители.

Реализација на повеќе проекти и активности за промоција на мултикултурализмот во училиштето.

Негување и вреднување на етничката, културната и верската разноликост во училиштето, имајќе предвид дека наставата се изведува на македонски, англиски и турски јазик

Еднаквоста и правичноста се промовираат како темелни вредности во сите аспекти на училишното функционирање.

Училишна политика за почитување на правата на децата.

Училиштето редовно ги ажурира своите дигитални платформи (веб-страница и социјални мрежи), преку кои се промовираат активности, постигнувања и програми.

Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците од различен пол и етничка припадност.

Родителите се активно вклучени преку одбори и совети, учествувајќи во донесувањето на дел од одлуките и планирањето на активности.

Плодна соработка со локалната заедница за унапредување на воспитно-образовниот процес и вклученост на учениците надвор од училиштето.

**Слаби страни:**

Се евидентирани изолирани случаи на ученици кои се чувствуваат недоволно прифатени од страна на врсниците или наставниците.

Се евидентирани поединечни случаи на меѓуврснички конфликти и несоодветна комуникација, кои бараат дополнителна превенција и интервенција.

Кај мал дел од учениците е забележана ниска самомотивација и ограничени очекувања во однос на личниот и академскиот развој.

## 6. Подрачје: Ресурси

Индикатори:

- Сместување и просторни капацитети
- Наставни средства и материјали
- Обезбедување на потребен наставен кадар
- Следење на развојните потреби на наставниот кадар

- Финансиско работење на училиштето

Врз основа на анализата на подрачјето „Ресурси", се идентификувани повеќе аспекти кои придонесуваат за обезбедување соодветни просторни, материјални и кадровски услови за реализација на воспитно-образовниот процес, како и одредени предизвици кои бараат дополнителна интервенција за унапредување на професионалниот развој и рационално користење на достапните средства. Во продолжение се прикажани јаките и слабите страни, во делот на просторни капацитети и наставни средства.

**Јаки страни:**

Инафраструктурно-просторно во училиштето има доволен број училници, кабинети, спортска сала, спортски терени, библиотека и помошни простории, што овозможува непречено реализирање на наставниот процес.

Кабинетите, училниците и наставничката канцеларија се целосно опремени со ИТ технологија и секој професор има личен персонален компјутер. Целото училиште е покриено со безжична интернет мрежа и обезебеден

На наставниците-приправници им се обезбедува континуирана стручна поддршка и менторство од страна на искусни наставници, стручната служба и директор.

Стручната служба обезбедува поддршка на наставниците во организирање и изведување на наставата, советувања.

Редовно се организирани сертифицирани обуки, семинари конференции за континуиран професионален развој на наставниот кадар, согласно потребите.

Училиштето има воспоставени механизми за навремена и соодветна замена на наставник во случај на подолготрајно отсуство.

**Слаби страни:**

Кај мал број наставници е забележана ограничена вклученост во обуки, семинари и конференции за професионален развој.

## 7. Подрачје: Управување, раководење и креирање политика

Индикатори:

- Управување и раководење со училиштето
- Цели и креирање на училишната политика
- Развојно планирање

Врз основа на анализата на подрачјето „Управување, раководење и креирање политика", се идентификувани повеќе аспекти кои придонесуваат за ефективно водење на училиштето, јасно поставување на цели и развој на училишни политики, како и одредени предизвици кои бараат дополнителна интервенција за унапредување на лидерските капацитети и стратешкото планирање. Во продолжение се прикажани јаките и слабите страни, во креирањето на политиките за развој на училиштето.

**Јаки страни:**

Училиштето демонстрира професионален однос кон работата, со јасно дефинирани цели и насоки за развој.

Постојат услови и практики кои овозможуваат промовирање на индивидуалната и тимската работа меѓу наставниците и стручната служба.

Континуирано се подобруваат инфраструктурата и работните услови, согласно развојниот план и достапните ресурси.

Остварена е солидна соработка со локалната самоуправа и со стручните тела во училиштето, особено во планирањето и реализацијата на активности.

Училиштето се промовира континуирано преку уписна политика, јавни настани и дигитални платформи.

Стратешките цели од развојниот план се следат и се реализираат преку конкретни активности и евалуација.

**Слаби страни:**

Потребна е поголема вклученост на наставниот кадар во обуки насочени кон воведување на иновативни пристапи во наставата и управувањето.

**Стратешки мерки за подобрување врз основа на извршената самоевалуација**

Врз основа на спроведената самоевалуација, училиштето идентификуваше низа јакости кои го потврдуваат неговиот континуиран развој, професионализам и посветеност кон создавање квалитетна, безбедна и инклузивна средина за учење. Истовремено, беа евидентирани конкретни предизвици кои бараат дополнителна интервенција, стратешко планирање и координирана акција.

Како идни активности кои би придонеле за намалување на слабите страни и подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес, се издвојуваат следни приоритетни подподрачја, кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето:

- Интензивна работа со учениците и родителите за нагласување на придобивките од редовно следење на дополнителната и додатната настава, со цел подобрување на успехот, поуспешно совладување на материјалот и развој на самодоверба.
- Континуирана работа на стручните активи за дефинирање и усогласување на критериуми за оценување, особено кај предмети со поголема комплексност.
- Структурирање на вонаставните активности преку училишни секции, со јасно дефинирани цели, содржини и одговорни лица.
- Засилување на информираноста и вклученоста на родителите во активности поврзани со еколошки теми, преку еко-секции, еко-патрола, еко-одбор и други форми на ученичко учество.
- Поголема имплементација на современи наставни методи на предавање, учење и поучување, преку обуки, менторство и споделување добри практики.
- Интензивна соработка со надлежни институции за обезбедување дополнителна поддршка за ученици од ранливи категории.
- Целосна вклученост на наставниот кадар во обуки и семинари насочени кон професионален развој, иновации и подобрување на наставната практика.

Овие активности ќе бидат интегрирани во годишното и развојното планирање на училиштето, со јасно дефинирани индикатори за следење, одговорни лица и рокови. Училиштето останува посветено на континуирана самоевалуација, професионален раст и креирање услови за квалитетно образование, достапно и значајно за секој ученик.

**Работна група за Самоевалуација**

Маја Војнеска-стручен соработник – училишен педагог

Владимир Симоски-наставник по историја

Анета Димовски-наставник по информатика

Елеонора Стефановска-наставник по социологија

Адриана Тодеска-родител

**Директор**

**Силвана Кр[illegible]ска**

Скопје,

Август 2025